ПРОДОЛЖУВААТ ТУРБУЛЕНЦИИТЕ ВО ШТИПСКОТО ЗДРАВСТВО ПОРАДИ НЕРЕШЕНИ КОНЦЕСИИ

# Седуммина матични во пензија, персоналот на улица




*Во првите месеци од годинава, во Штип, во пензија ќе заминат петмина лекари по општа медицина и двајца стоматолози концесионери*

Во Здравствениот дом во Штип од месец на месец се намалува бројот на ординациите и на медицинските лица кои досега функционираа како концесионери. Поради заминување во пензија на матичните доктори, ординациите се затвораат, персоналот останува без работа, а над 8.000 пациенти се принудени да бараат нов матичен лекар. Во првите месеци од новата година, во пензија ќе заминат петмина лекари по општа медицина и двајца стоматолози кои се концесионери. Медицинските сестри и другиот вработен персонал од овие ординации ќе извисат.

"Ако системски не се реши проблемот, во наредните две-три години во иста ситуација ќе се најдат и другите седум ординации, колку што останаа да функционираат по пат на концесии. Секоја ординација има од 1.500 до 2.000 пациенти. Со решение, вчера беше затворена уште една ординација, па докторката и медицинската сестра сега се дома. Ординацијата ја затворија, затоа што докторката-основач замина во пензија, лекарката и медицинската сестра не можеа да ја продолжат нејзината работа, зашто концесијата гласи на име и не може да се наследи. Сега, нивните пациенти се оставени на немилост, па најчесто нас нè бараат како матичен, иако и ние сме пребукирани со пациенти", вели медицинската сестра од соседната ординација.

Директорот на ЈЗУ Здравствен дом во Штип, Валентина Варадинова-Везенкова, се надева дека проблемите брзо ќе бидат надминати.

"Токму со таа цел се донесоа новите измени на Законот за здравствена заштита, кој ги зголемува ингеренциите на здравствените домови во поглед на концесиите. По донесувањето на законските измени, веднаш изготивме програма и ја доставивме до Министерството. Треба да се одобри, по што ќе ја реализираме. Се предвидува итно распишување нови тендери за концесии со кратки рокови за да нема вакуум во работењето на ординациите и на персоналот во нив", вели Везенкова, која тврди дека програмата стриктно предвидува тендери на просторот со исклучива здравствена намена по општа медицина, а не како што се ширеле шпекулации дека просторот на сегашните ординации со тендерите ќе бил пренаменет.

*(J.T.)*